Автори: *Дејвид Мур, Катерина Хаџи-Мицева, Нилда Булаин, Емина Нурединоска*
Дата: *2007 година*
ISBN: *978-9989-102-63-9*
PDF: ekonomski-aktivnosti-na-graganskite-organizacii-2007.pdf

Публикацијата „Економски активности на граѓанските организации" претставува преглед на можностите на граѓанските организации да се занимаваат со економски активности во повеќе европски земји, како и постоечкото решение во Република Македонија.

Намерата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), како издавач на оваа публикација, е да ги пренесе позитивните искуства од европските земји во однос на значењето на економските активности како најзначаен извор за одржливост на граѓанскиот сектор. Наедно, публикацијата треба да послужи и како лобирачка алатка и основа за формулација на нови законски одредби за можноста за занимавање со економски активности на здруженијата на граѓани и фондациите.

Прегледот содржи два дела: Споредбена анализа на можноста за занимавање со економски активности за граѓанските организации во Европа подготвена од експерти од Европскиот центар за непрофитно право и од Меѓународниот центар за непрофитно право. Вториот дел, подготвен од експерт од МЦМС, содржи информација и коментар за постоечките одредби за економски активности регулирано со Законот за здруженија

на граѓани и фондации и препораки за ново решение.

МЦМС ја издаде оваа публикација како дел од програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) и наедно им се заблагодарувам на членките на ГПМ, кои активно учествуваа во обезбедувањето препораки и насоки за содржината на публикацијата.